

Јас Волонтирам

# ВОЛОНТЕРСКИ ЦЕНТАР НА МАКЕДОНИЈА

www.mkcbt.org.mk

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

**Младински** Културен
**Центар**-Битола

# МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР-БИТОЛА

Младински културен центар - Битола е младинска непрофитна граѓанска организација основана во 1999 година. **Мисијата** на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.
**Стратешки цели:** Одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија; Подобрување и јакнење на вештините кај младите; Поддршка и потикнување на граѓански иницијативи и кампањи; Поддршка и афирмација на урбаната култура; Организациски развој.

**МКЦ** – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, урбаната култура и граѓанските иницијативи. МКЦ – Битола веќе 10 години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија координирајќи ја размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти и соработува со други локални и интернационални организации кои промовираат слични вредности. Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се релизираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

**МКЦ** - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година како и партнерска организација на двете најголеми светски мрежи на волонтерски организации The Alliance и Service Civil International- SCI (како партнерска организација за примање и испраќање на волонтери на краткорочна размена - волонтерски кампови).

**МКЦ** – Битола е иницијатор и координатор на неформалната мрежа на волонтерски организации во Македонија – Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ). МКЦ- Битола како национален Волонтерски центар на Македонија е неформално вмрежена со 6 волонтерски информативни точки со кои работи на волонтерски програми на локално и национално ниво: Младински образовен форум – Скопје, СППМД – Кавадарци, АГТИС – Прилеп, Организација на жени на општина Свети Николе, ИРЗ-Тетово и Младински совет на Струмица. Од 2006 година ги воспоставивме првите национални волонтерски награди во земјата – златен сертификат за волонтерски ангажман, кој традиционално го доделуваме на 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерството. Бевме носители на процесот за изработка на локалните стратегии за волонтерство во општините Битола, Тетово и Кавадарци за периодот од 2015 до 2018 година, а во тек е процесот за воспоставување на првиот Локален Волонтерски Совет во општина Битола. МКЦ-Битола е носител на процесот за развој и функционирање на првиот веб портал за волонтирање во Македонија :




**WWW.VOLONTER.MK**

# ВОЛОНТИРАЊЕ

Постојат три клучни карактеристики што го дефинираат поимот волонтирање:

**1.Активностите што ги извршуваат волонтерите не треба да бидат преземени со финансиска добивка како примарна цел.** Сепак, во одредени случаи волонтерот има право на надомест на однапред договорени трошоци поврзани со трошоци за превоз и исхрана за време на волонтирањето како и трошоци за сместување доколку е потребно.

**2.Активноста треба да биде на доброволна основа, односно врз основа на слободната волја и избор на самиот волонтер.** Во одредени случаи има отстапувања од овој принцип, како што се програмите за волонтирање во училиштата во кои се охрабрува но понекогаш и задолжително се бара учество на учениците во волонтерски активности.

**3.Активноста треба да биде во корист на други лица или пошироката заедница, а не на самиот волонтер или членовите на неговото најблиско семејство.** Сепак, се признава фактот дека волонтирањето придонесува и за личен развој на самиот волонтер.

Во целина на оваа концептуална рамка можат да се идентификуваат следните типови на волонтерски активности: помош во заедницата и самопомош, филантропија, служење во зеедницата, граѓанско учество, граѓански активизам, застапување за одредена кауза и волонтирање во кампањи.






# ВОЛОНТЕР

Волонтер може да биде секој кој има желба, волја и мотивација да волонтира. Волонтер е лице кое дава услуги, вештини, знаења и време во корист на други лица или организации на доброволна основа, без притоа да очекува или да добива финансиска корист.
Честопати се вели дека волонтирањето нема цена, туку дека тоа е бесценето. Дефинитивно, волонтирањето не може да се гледа само како работа без пари. Поточно, волонтирањето не е мотивирано од финансиска добивка како примарна мотивација. Значи, волонтерот не добива плата и не е вработен.

Според Законот за волонтерство во Република Македонија, за време на долгорочното организирано волонтирање, волонтерот има право на надомест на трошоци поврзани со волонтирањето, но само во случај ако е така договорено. Овие трошоци можат да вклучуваат трошоци за храна, патни трошоци од и до местото на волонтирање и трошоци за обука поврзана со волонтирањето. Максималниот законски износ за надомест на овие трошоци е утврден на 15% од просечната бруто плата исплатена во Република Македонија за претходната година. За 2018 година овој надоместок е во максимален износ од 5.053 МКД месечно и е ослободен од плаќање на персонален данок на доход.

# ОРГАНИЗАТОРИ НА ВОЛОНТИРАЊЕ

Во Република Македонија организатори на волонтерска работа можат да бидат:

- Здружение на граѓани и фондација,
- Верска заедница и религиозна група,
- Јавна установа,
- Орган на државна власт
- Единица на локалната самоуправа и градот Скопје

Организаторот на волонтерската работа ја утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедување на истите, врз основа на Програма за волонтирање.



# ЛОКАЛЕН ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС

Локалниот волонтерски сервис (ЛВС) на Младинскиот културен центар – Битола (МКЦ-Битола) е волонтерска практика и систем кој овозможува организирано долгорочно волонтирање за млади луѓе да волонтираат во местото каде што живеат, во своите локални заедници. Целта на програмата е поддршка на одржлив развој на волонтерството во Македонија преку воведување на волонтерски програми во јавни институции, државни органи, локални самоуправи и НВОи, преку имплементација на Законот за волонтерство на локално ниво. Целна група се млади од 18 - 35 години, локалните заедници каде има волонтерски инфо точки, НВО секторот, јавните институции, локалните самоуправи и државните органи.

Со цел за развој на квалитетен систем за волонтерски менаџмент и придонес во решавањето на проблеми во локалните заедници, практиката предвидува мобилизација на волонтери и развој на волонтерски позиции во општински администрации, правосудни органи, државни органи и агенции, како и во граѓански организации. Целта е да се надминат поранешните состојби на непланско и неорганизирано волонтирање кога волонтерскиот труд не беше ценет и најчесто беше поистоветуван со неплатен труд или губење на време.

Улогата на МКЦ-Битола и партнерските организации е посредување меѓу желбите и мотивацијата на волонтерите од една страна и потребите за пополнување на конкретни волонтерски позиции во институциите од друга страна.

# ВОЛОНТЕРСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО ЛВС

Во текот на целиот процес на ЛВС се следат доследни сите принципи на квалитетен волонтерски менаџмент, што ги вклучува следните активности:

- Волонтерите се ангажираат преку отворен повик за пријавување **(регрутација)** кој е јавно објавен во сите електронски и печатени медиуми на национално и локално ниво. Дополнително, повикот е дистрибуиран електронски преку е-маил листи на контакти, на социјалните мрежи, преку веб страниците на партнерските организации и преку диструбуција на пропаганден материјал – летоци до сите потенцијални волонтери.

- Секој волонтер пополнува Пријава за волонтирање (унифициран документ кој е компатибилен со нашата електронска датабаза на волонтери). Секој организатор на волонтирање пополнува Пријава за потреба од волонтерска работа (унифициран документ кој е компатибилен со нашата електронска датабаза на организатори на волонтерска работа). Врз основа на конкретните барани профили и соодветните квалификации на волонтерот се врши процесот на **селекција** за соодветните волонтерски позиции.

- Селектираните волонтери поминуваат **обука** за подготовка за волонтирање која ги вклучува темите за законската рамка за волонтирање во Република Македонија, услови и начин на вршење на волонтерската работа, правата и обврските на волонтерите, договор за волонтирање и волонтерска книшка. За секој волонтер има назначен супервизор од редот на вработените во институцијата кој исто така добива задолжителна **обука** за менаџмент на волонтери (**ориентација** на волонтерите, обука и поддршка за време на волонтирањето) испорачана од експерти од МКЦ-Битола

- Во текот на самиот процес на волонтирање локалните координатори вршат редовен мониторинг над работата на волонтерите и тесно соработуваат и комуницираат со соодветните супервизори од организаторите на волонтирање. Исто така, на средина од волонтирањето се организира средба за средишна **евалуација** со сите волонтери. На крајот од волонтирањето волонтерите пополнуваат и формулар за завршна евалуација на резуплтатите од волонтирањето

Дополнително, во текот на волонтирањето го следиме **личниот развој** на секој волонтер преку анализа на прашалник за **самопроценка** кој волонтерите го пополнуваат пред и после завршувањето на волонтирањето..

# РЕЗУЛТАТИ И ПОСТИГНУВАЊА НА ЛВС

Од реализацијата на практиката во изминатите години вкупно се пријавени над 2.500 заинтересирани волонтери. Од нив се обучени и сместени вкупно 475 волонтери во 7 градови во Македонија на тримесечно волонтирање со покриен надоместок за патни трошоци и исхрана. Како организатори на волонтерска работа се вклучија над 90 институции и организации со кои имаме потпишано Меморандум за соработка за вклучување во ЛВС.

Организаторите на волонтерска работа имаа корист од преку 114.000 работни часови што волонтерите ги исполнија со нивниот ангажман (во просек околу 4 часа дневно). Поради извонредните резултати и позитивниот ангажман на волонтерите на 50% од нив им беше продолжен волонтерскиот договор, а една третина од нив продолжија да примаат и волонтерски надоместок со средства на организаторите на волонтерска работа.

Од досегашната имплементација на ЛВС околу 25% од ангажираните волонтери после завршувањето на тримесечното волонтирање добија Договор за повремено ангажирање или Договор за вработување во институцијата или организацијата.

Анализата на евалуацијата од досегашните циклуси на ЛВС покажува дека волонтерите во голема мера ја подобрија ефикасноста во работата на самите институции и дадоа голем придонес во подобрување на процесот на давање на услуги на граѓаните.

Резултатите од следењето на личниот развој на волонтерите ги покажаа следните параметри:

- Кај 80 % од волонтерите имаме значително подобрување на нивната одговорност за почитување на рокови и почитување на нивните колеги.
- Кај 90% од волонтерите значително се подобрени комуникациските вештини, а кај 10 % останаа на исто ниво.
- Тимската работа и лидерските вештини се подобрени кај 90% од волонтерите, особено во делот на водењето на проекти, соработката со колегите и активното учество на состаноците на тимот.
- 100% од волонтерите вклучени во ЛВС сакаат да продолжат со волонтирање и да го препорачаат ЛВС на своите роднини, познаници и пријатели.





# ЛОКАЛНИ ВОЛОНТЕРСКИ АКЦИИ



Локални волонтерски акции се форма на краткорочно локално волонтирање кои овозможуваат локалното население без оглед на возраста, образованието и верувањата да придонесе во развојот на локалната заедница и изнаоѓањето на решенија за социјалните проблеми. Од друга страна, локалните волонтерски акции го поттикнуваат социјалниот и личниот развој на волонтерите.

Локалните волонтерски акции се тематски и можат да придонесуваат за заштита на животната средина, да овозможуваат работа со деца од ранливи групи, помош на стари лица, логистичка поддршка на јавни настани, хуманитарни активности за одредена целна група или поединци, реновирање на одредени објекти важни за локалната заедница и слично.

# ВОЛОНТЕРСКИ КАМПОВИ

Волонтерските работни кампови се единствен облик на волонтерска работа која нуди позитивни и практични начини на собирање млади луѓе од различни земји и различни култури, при што заедно би работеле и живееле на некои проекти кои придонесуваат за развој на локалните заедници каде се одржуваат камповите.

Видовите на кампови се многу, но најчесто се следниве : Festival FEST (волонтерите работат на организација на фестивал), Agricultural AGRI (работа на некоја фарма или земјоделско стопанство), KIDS (работа со деца), ART (на пример ликовна колонија, уметничка фотографија), language LANG (учење на јазик, најчесто англиски), constructing CONS (работата вклучува градење), renovation RENO (работата вклучува реновирање на некој објект), disabled DISA (работа со деца или возрасни со ментални или физички попречености), educational EDU (камп за едукација во разни области: човекови права, социјални вештини), environmental ENVI (најчест вид на камп, работа во природа, чистење, садење), elderly people ELDE (работа со пензионери или лица сместени во старски дом).

Младински Културен Центар – Битола


Национална канцеларија на
Волонтерски Центар на Македонија
Младински културен центар – Битола
ул. Цар Самоил 29, Битола 7000
Тел. 047 233 020
Е-маил: mkcbt@t.mk
Веб страна: www.mkcbt.org.mk
www.volonter.mk


Волонтерски Инфо Точки (партнерски организации)

Здружение Институт за развој на заедницата - Тетово
ул. „Маршал Тито" 106, Тетово 1200
Тел. 044 340 677
Е-маил: info@irz.org.mk
Веб страна: www.irz.org.mk

Младински образовен форум
ул. Дренак 34а, Скопје 1000
Тел. 02 313 9692
Е-маил: Info@mof.org.mk
Веб страна: www.mof.mk

Совет за превентива против малолетничка деликвенција (СППМД) – Кавадарци
Спортска сала „ЈАСМИН" Канц. Бр. 26,
Западен Булевар 66, Кавадарци 1430
Тел. 078 307 770
Е-маил: contact@spmpd.org.mk
Веб страна: www.sppmd.mk

Младински совет Струмица
ул. Невена Стојкова 12а, Струмица 2400
Тел. 076 470 942
Е-маил: mladinskisovetstrumica@gmail.com
Веб страна: www.mss.org.mk

Здружение Организација на жените на општина Свети Николе
ул. Ленинова 1-1/4, Свети Николе 2220
Тел. 032 444 620
Е-маил: womsvetinikole@yahoo.com
Веб страна: www.womsvetinikole.org.mk

Асоцијација за граѓанска толеранција и соработка (АГТИС) – Прилеп
ул. Пиринска 62, Прилеп 7500
Тел. 048 432 432
Е-маил: agtis@t.mk
Веб страна: www.agtis.org.mk


Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Младински културен центар – Битола и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика Мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или на организациите што ја спроведуваат.